СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ
Бр.08-5066/38
23.09.2024 година
Кавадарци

З А П И С Н И К

За работата на 47-та седница на Советот на Општина Кавадарци закажана за денес 23.09.2024 година.

ПОЧИТУВАНИ СОВЕТНИЦИ

Ја отварам 47-та седница на Советот на Општина Кавадарци закажана за денес.

На седницата присуствуваат 18 советници. Еден советник ќе ни се приклучи покасно во текот на нашата работа.

Констатирам дека има кворум за работа има и полноважно може да се одлучува по предложениот дневен ред.

На денешната седница доставен е Записник од Четириесет и петтата седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 22.08.2024 година;

Дали има забелешки по Записникот на 45-та Седница на Советот на Општина Кавадарци.

Ве молам за усвојување на истиот. Едногласно усвоен.

Исто така доставен е и Записник на Четиринесеттата вонредна седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 26.08.2024 година;

Дали има забелешки по Записникот на 14-та Вонредна Седница на Советот на Општина Кавадарци.

Ве молам за усвојување на Записникот на 14-та Вонредна Седница. Едногласно усвоен.

На денешната седница доставен е и Записникот од Петнаесеттата Вонредна седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 03.09.2024 година;

Дали има забелешки по Записникот на 15-та Седница на Советот на Општина Кавадарци Вонредна .Нема.Ве за усвојување на истиот. Едногласно усвоен.

Со Решението за свикување на денешната седница имате добиено и Предлог Дневен Ред

Согласно член 59 став 1 алинеја 1 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам изменување на редоследот на точките од предложениот дневен ред и тоа :

Дополнително доставената точка, согласно член 59 став 1 алинеја 3 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци - Листа со рег.бр.236-93049/2 од 12.09.2024 година, на кандидати за избор на командир, доставена од Министерство за внатрешни работи-Биро за јавна безбедност-Оддел за заеднички работи и управување со човечки ресурси, по која Советот на Општина Кавадарци треба да донесе Решение за избор на командир на Полициска станица од општа надлежност Кавадарци, ПРЕДЛАГАМ да биде точка бр.1 на денешната седница.

Согласно Деловникот молам за произнесување по предложената точка за денешниот дневен ред .Ве молам кој е за. Едногласно усвоена.

Исто така согласно член 59 став 1 алинеја 1 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам измена на редоследот на точката од предложениот дневен ред, поради обврски на претставникот од ЈП„Комуналец„, и тоа точката

33.Правилник за внатрешна организација на ЈП„Комуналец„ Кавадарци да биде точка со реден број 2;

Ве молам согласно Деловникот гласање за оваа точка под реден број 2. Едногласно усвоена.

Согласно член 59 став 1 алинеја 1 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам измена на редоследот на точката од предложениот дневен ред, и тоа точката

34.Правилник за систематизација на работните места во ЈП„Комуналец„ Кавадарци, да биде точка со реден број 3;

Согласно Деловникот молам за произнесување за предложената точка за измена во денешниот дневен ред. Едногласно усвоена.

Понатамошниот редослед на точките се менува како што следува и тоа:

1. Годишен Извештај за работа на СОУ Гимназија "Добри Даскалов" Кавадарци за учебната 2023/2024 година;
2. Годишна Програма за работа на СОУ Гимназија "Добри Даскалов" Кавадарци за учебната 2024/2025 година;
3. Годишен Извештај за работа на СОЗШУ "Ѓорче Петров" Кавадарци за учебната 2023/2024 година;
4. Годишна Програма за работа на СОЗШУ "Ѓорче Петров" Кавадарци за учебната 2024/2025 година;
5. Годишен Извештај за работа на СОУ "Ќиро Спанџов – Брко" Кавадарци за учебната 2023/2024 година;
6. Годишна Програма за работа на на СОУ "Ќиро Спанџов – Брко" Кавадарци за учебната 2024/2025 година;
7. Годишен Извештај за работа на ООУ "Страшо Пинџур" Кавадарци за учебната 2023/2024 година;
8. Годишен Извештај за работа на ООУ "Тошо Велков Пепето" Кавадарци за учебната 2023/2024 година;

9. Годишен Извештај за работа на ООУ "Гоце Делчев" Кавадарци за учебната 2023/2024 година;
10. Годишен Извештај за работа на ООУ "Тоде Хаџи Тефов" Кавадарци за учебната 2023/2024 година;

Поради поврзаност со претходната точка согласно согласно член 59 став 1 алинеја 3 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци предлагам дополнување на дневниот ред со точка Програма за екскурзии, излети и други вонучилишни активности за учебната 2024/2025 година на ООУ Тоде Хаџи Тефов" Кавадарци„,

Согласно Деловникот молам за произнесување по предложената точка од денешниот дневен ред .Ве молам кој е за. Усвоена е точката.

Констатирам дека е усвоен предлогот да се надополни со таа точка, односно .

11. Програма за екскурзии, излети и други вонучилишни активности за учебната 2024/2025 година на ООУ Тоде Хаџи Тефов" Кавадарци„,
12. Годишен Извештај за работа на ООУ "Димката А.Габерот" Кавадарци за учебната 2023/2024 година;
13. Годишен Извештај за работа на ООУ "Димката А.Габерот" с.Ваташа за учебната 2022/2023 година;
14. Програма за екскурзии, излети и други вонучилишни активности за учебната 2024/2025 година на ООУ Димката А.Габерот" с.Ваташа
15. Годишен Извештај за работа на ОМБУ "Лазо Мицев Рале" Кавадарци за учебната 2023/2024 година;
16. Предлог-Програма за изменување и дополнување на Програмата за изработка и донесување на урбанистички планови во Општина Кавадарци за 2024 година;
17. Предлог-Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на општина Кавадарци во промоција на „Комуникација со јавноста" во 2024 година;
18. Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко планска документација за усогласување на намената на бесправно изградените објекти со намените на земјиштето;
19. Предлог-Одлука ослободување од плаќање надоместок за уредување на градежно земјиште;
20. Предлог-Одлука за откажување од корисничко право на недвижна ствар за КО Кавадарци;
21. Предлог-Одлука за давање согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на мегусебните односи во врска со судска спогодба ВПП бр.150/24, поведен пред Основен суд Кавадарци;
22. Предлог-Одлука за давање согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на мегусебните односи во врска со судска спогодба ВПП бр.81/23 поведен пред Основен суд Кавадарци;

23. Предлог-Одлука за давање на согласност за давање понуда и за купување на 250 акции во МКК„ЕУРО НИКЕЛ 2005„ од ТД за ископ на руда „ЕУРОНИКЕЛ ИНДУСТРИ„ ДОО с.Возарци Кавадарци-во стечај;
24. Предлог-Одлука за доделување еднократна парична помош на семејствата со запишано прваче во учебната 2024/2025 година на подрачјето на Општина Кавадарци;
25. Предлог-Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за одобрување на финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2023 година за доделување на парична награда на ученици и ментори од основни и средни општински училишта во Општина кавадарци за посебни постигнувања на државни и мегународни натпревари;
26. Предлог-Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за доделување на парична награда за ученици и ментори од основни и средни општински училишта во Општина кавадарци за посебни постигнувања на државни и мегународни натпревари;
27. Предлог-Одлука за примање донација материјални добра од Друштво за производство, трговија и услуги "КОЖУВЧАНКА"ДОО увоз-извоз Кавадарци.
28. Предлог-Одлука за примање донација – кутивки од Друштво со ограничена одговорност за производство промет и услуги увоз-извоз "ГИНИС" заштитно друштво Прилеп;,
29. Предлог-Решение за изменување и дополнување на Решението за именување на членови во Локален Совет за превенција на Општина Кавадарци;
30. Наративен и финансиски Извештај за реализација на Програмата културно лето Кавадарци 2024 „Кавадаречки Стрит Фест„ доставен од Иновативa ГРУП ДОО Скопје;
31. Годишен План за вработување за 2025 година на ЈП„ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ, Кавадарци, донесен од Директорот на ЈП„ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци;
32. Годишен План за вработување за 2025 година на ЈП за стопанисување со спортски објекти„Мито Хаџи Василев Јасмин„ Кавадарци, донесен од Директорот на ЈП за стопанисување со спортски објекти„Мито Хаџи Василев Јасмин„ Кавадарци;
33. Одлука со арх.бр.02-181/2 од 13.09.2024 година, за отстапување на движни ствари на Општина Кавадарци на неопределено време, донесена од Управен Одбор на ЈОУ Локален Музеј Галерија Кавадарци;

Согласно член 59 став 1 алинеја 3 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување на дневниот ред за денешната седница и тоа

34. Статут на Заедничко јавно претпријатие Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство СТАЦИОНАР - ШЕПА Кавадарци, донесен од Управен Одбор на Заедничко јавно претпријатие Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство СТАЦИОНАР - ШЕПА Кавадарци:

Согласно Деловникот молам за произнесување по предложената точка од денешниот дневен ред .Кој е за ве молам за гласање. Едногласно усвоена.

Согласно член 59 став 1 алинеја 3 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување на дневниот ред за денешната седница и тоа :

35. Програма за изменување и дополнување на Програмата за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Кавадарци;

Ве молам за гласање. Кој е за. Едногласно.

Согласно член 59 став 1 алинеја 3 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување со следната точка на денешниот дневен ред

36. Предлог-Одлука за одобрување на финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2024 година (лекување Ламов);

Точката ја ставам на гласање. Ве молам кој е за. Едногласно за.

Согласно член 59 став 1 алинеја 3 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, молам за произнесување по предложената нова точка од денешниот дневен ред. Тоа е

37. Предлог-Одлука за одобрување на финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2024 година (лекување Јанакиева);

Ве молам кој е за. Едногласно со тоа вака изменетиот дневен ред ве молам цел го ставам на гласање кој е за. Едногласно за. Преминуваме кон реализација на предложениот дневен ред од 47 Седница на Советот на Општина Кавадарци. Тоа е

1. Решение за избор на командир на Полициска станица од општа надлежност Кавадарци.

Претседателот на Комисијата за именувања и мандатни повели Николов.

СОВЕТНИК ПЕРО НИКОЛОВ: Почитувани за Командир на Полициска станица од општа надлежност Кавадарци се назначува Живко Костов.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Почитувани советници предлогот на Мандатна Комисија го ставам на гласање. Ве молам кој е за. 14 за. 4 воздржани. Нека му е честито изборот на Командирот на Полициска станица од општа надлежност Кавадарци. Се надевам за регулирање и намалување на стапката на криминал и на собраќајни деликти на територијата на Општина Кавадарци и успех во работата.

2. Правилник за внатрешна организација на ЈП,,Комуналец,, Кавадарци ;

Молам претрес. Дали некој бара збор. Бидејќи никој не бара збор точката ја ставам на гласање. Кој е за. Тоа е втората точка од денешниот дневен ред. Почитувани колеги ве молам кој е за. 14 за. Тројца против.

3. Правилник за систематизација на работните места во ЈП,,Комуналец,, Кавадарци;

Отварам претрес. Дали некој бара збор. Точката ја ставам на гласање. Кој е за. 11 за. 4 против. 1 воздржан.

1. Годишен Извештај за работа на СОУ Гимназија “Добри Даскалов” Кавадарци за учебната 2023/2024 година;

Отварам претрес. Дали некој бара збор. Точката ја ставам на гласање. Едногласно усвоена.

2. Годишна Програма за работа на СОУ Гимназија “Добри Даскалов” Кавадарци за учебната 2024/2025 година;

Претрес. Никој не бара збор. Точката ја ставам на гласање. Едногласно.

3. Годишен Извештај за работа на СОЗШУ “Ѓорче Петров” Кавадарци за учебната 2023/2024 година;

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Точката ја ставам на гласање. Едногласно.

4. Годишна Програма за работа на СОЗШУ “Ѓорче Петров” Кавадарци за учебната 2024/2025 година;

Тоа е седмма точка од денешниот дневен ред. Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Точката ја ставам на гласање кој е за. Едногласно усвоена.

5. Годишен Извештај за работа на СОУ “Ќиро Спанџов – Брко” Кавадарци за учебната 2023/2024 година;

Ве молам претрес. Никој не бара збор. Точката ја ставам на гласање. Едногласно усвоена.

6. Годишна Програма за работа на на СОУ “Ќиро Спанџов – Брко” Кавадарци за учебната 2024/2025 година;

Тоа е деветта точка од денешниот дневен ред. Дали некој бара збор. Точката ја ставам на гласање. Кој е за. Едногласно.

7. Годишен Извештај за работа на ООУ “Страшо Пинџур” Кавадарци за учебната 2023/2024 година;

Точката ја ставам на гласање. Кој е за. Едногласно.

8. Годишен Извештај за работа на ООУ “Тошо Велков Пепето” Кавадарци за учебната 2023/2024 година;

11-та точка од денешната седница за учебната 2023/2024 година Точката ја ставам на гласање. Едногласно.

9. Годишен Извештај за работа на ООУ “Гоце Делчев” Кавадарци за учебната 2023/2024 година;

Тоа е 12-та точка. Претрес. Никој не бара збор. Гласање. Едногласно.

10. Годишен Извештај за работа на ООУ “Тоде Хаџи Тефов” Кавадарци за учебната 2023/2024 година;

13-та точка од денешниот дневен ред. Едногласно.

11. Програма за екскурзии, излети и други вонучилишни активности за учебната 2024/2025 година на ООУ Тоде Хаџи Тефов” Кавадарци,,,

Точката ја ставам на гласање. Едногласно.

12. Годишен Извештај за работа на ООУ "Димката А.Габерот" Кавадарци за учебната 2023/2024 година;

Претрес. Не бара никој збор. Точката ја ставам на гласање. Едногласно.

13. Годишен Извештај за работа на ООУ "Димката А.Габерот" с.Ваташа за учебната 2022/2023 година;

Точката ја ставам на гласање.Едногласно.

14. Програма за екскурзии, излети и други вонучилишни активности за учебната 2024/2025 година на ООУ Димката А.Габерот" с.Ваташа

Точката ја ставам на гласање. Ве молам кој е за. Едногласно

15. Годишен Извештај за работа на ОМБУ "Лазо Мицев Рале" Кавадарци за учебната 2023/2024 година;

Точката ја ставам на гласање.18-та точка. Претрес. Не бара никој збор. Точката ја ставам на гласање. Едногласно. Му се заблагодарувам на менаџерите. Само Градоначалник мало обраќање и потоа ќе ве ослободиме.

ГРАДОНАЧАЛНИК:Почитуван Претседател на Совет, почитувани советници, почитувани сограѓани, администрација и почитувани менаџери на основни и средни училишта . Денеска беа донесени извештаите за работа на речиси сите училишта, програмите во делот за работа и програмите во делот на излети и функционирање на самите училишта. Еден како од најбитните сегменти во Општина Кавадарци, а тоа е основното и средното образование. Сакам да укажам на сите менаџери на училиштата, односно директори, прво да се заблагодарам за досегашното работење и успеси кои што ги донесуваме како основно и средно образование, дека Општина Кавадарци од оваа година малку посериозно ќе почне да се занимава со основното и средното образование, не во делот дека досега сме биле несериозни, меѓутоа знаете дека инфраструктурно како основни и средни школи се комплетно опремени сите и во делот од спортски сали, па до комплетна реконструкција на сите школи кои што имаа потреба за реконструкција, ставивме и фотопанели за производство на електична енергија. Тие школи што немаат во иднина ќе добијат. Во делот на програмата за работа која што ја имаат средните училишта нашиот интернат за сместување на ученици е во функција и моментално се реновира така да 65 деца ни се благодет, кои што доаѓаат од други општини и се примарни за стручните средни училишта. Во она што значи ученици со талентирани можности и добиени награди знаете дека одвојуваме буџет скоро од 1 000 000 за нивна награда, за стимулација и за менторите и за учениците.Втора година по ред на иницијатива на Претседателот на Советот за првачињата одвојуваме скоро 1 000 000 денара и се она што е

потребно за нашите најмлади, а и за наставниот кадар ние како Општина комплетно ќе го застапуваме да постигниме подобро образование. И ова година тендерот е во завршна фаза за потпишување на оброк за секое дете од прво до петто одделение , мислам дека од први октомври ќе почниме со доделување на храна, меѓутоа во стручност, компетентност и во работењето на наставниот кадар имате комплетна одговорност и комплетна заслуга за секое училиште поединечно. Нема да се именуваме поединечно, јас сакам да постои натпревар меѓу сите училишта од страна на менаџерскиот тим за нивните успеси и за нивните цели кои што се постигнати. Имате обврска заедно со Раководителот за секторот за образование од Општина Кавадарци Јасминка Чулева за 10-тина дена да ни дадите комплетен план за доградба на училници, станува збор ми се чине за 4 основни училишта. Нема да отстапам од замислата да од наредниот први септември сите училишта одат само во прва смена. Така да ве молам тука да бидете попрецизни, рационални, се што треба да изградиме да го постигниме тоа и од први септември да одиме во прва смена или наутро на училиште. Со тоа мислам дека ќе се подобре и квалитетот на наставата и концентрацијата на учениците, меѓутоа ќе имаме и во сите основни училишта продолжен престој, затоа што и самите знаете дека со опаѓањето на тенденцијата на учениците може да ни се јави суфицит на наставници и за тие наставници ние мораме да најдиме соодветен начин за да некој начин ги вклопиме во наставата. Замислата е да се оди во прва смена. Замислата е учениците да си одат дома без ташна и без тетратка, домашните да ги пишуваат на училиштата заедно со нивните одделенски или други наставници и како менаџерски тим ќе имате малце повеќе обврска да тоа ние го спроведиме. Во делот на распределбата или реорганизацијата на самите школи време е уште сега, ако е крај на септември да разговарате со Секторот кај нас , да видите дали имате потреба за нова реорганизација, пошто и сами знаете дека некои училишта оваа година се соочија со проблем за упис на првоодделенче . Еве конкретно Димката А. Габерот Кавадарци не заради друга намера или цел, туку заради регионот кој што го има во делот ете постара популација и сите други структури имаше најмалку првоодделенчиња. Исто се случи и во Тошо В. Пепето, а некаде

во некои школи имавме и вишок на првоодделенци. Да ја согледате добро таа анализа, за сите школи рамноправно да може да функционираат , а пред се школите да ги нудат истите услови како што ги нуде било кое школо. Нормално менаџерството е тоа кое што ќе ви даде за право да се натпреварувте меѓу школите и од секогаш имало натпревар, ама тој натпревар да биде со докажување на поголеми успеси, добивање на поталентирани деца и она кое што го имаме како талент да можеме да го искористиме во понатамошните наши структури во средно образование, високо образование, утре и во општеството. Образованието претрпи многу промени последниве 10 години, многу промени и знам дека е тешко да се пратат сите тие промени кога се прават на државно ниво, па воведување на екстерно оценување, па укинување, па размислување за други работи, сето тоа праве турбуленции и притисок кај сите наставници и менаџери, но јас еве од оваа говорница и како Градоначалник, како прв човек на градот ќе кажам дека вие не треба да бидите подложни на притисоци од било кој друг, освен да имате свој став и како менаџери и наставниот кадар да може да ги потикне учениците да направат подобри резултати. Како град и како општина секогаш сме ваделе талентирани ученици. Имаме доста наши талентирани деца, сега веќе возрасни луѓе, можеби и пензионери кои што значат нешто во државата и очекувам да се движиме во тој правец, така да молам за поинтензивна комуникација со секторот за образование и поинтензивна комуникација во делот со училишните совети, колективот, затоа што менаџирањето е тоа кое што само ни дава за право да организираме, а успехот на крајот е заеднички и ќе го постигниме ако имаме колектив добар. Во моментот и досега не сме имале никаде проблем, мислам дека ќе продолжиме во истиот правец, учебната година е на сам почеток и во овие 3 цели кои што ги кажав едносменско работење, реорганизација на теренот и потребите за училниците да ни бидат таргет за да можиме да постигниме наредната година септември да имаме подобра учебна година. Имам идеи кои што сакам да ги спроведам понатаки за подобро образование, она што е на ниво на општина за поквалитетно образование и сето ова што го правиме во делот на инфраструктурата на Општина Кавадарци не го правиме за никој друг, токму за тие дечиња од

основно и средно образование, дали е сега реконструкција на отворен базен, дали е изградба на затворен базен, дали е изградба на ски патека за скијање, дали е изградба на тениско игралиште или било што, тоа е токму за нашите деца да можат и по спорт и по физичко образование и по сите други насоки да бидат во делот на општеството на високо ниво.Така да уште еднаш да се заблагодарам на сите директори и очекувам да постигнеме нивото кое секогаш го заслужуваме.

16. Предлог-Програма за изменување и дополнување на Програмата за изработка и донесување на урбанистички планови во Општина Кавадарци за 2024 година;

19-та точка од денешниот дневен ред. Точката ја ставам на гласање. Едногласно усвоена.

17. Предлог-Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на општина Кавадарци во промоција на „Комуникација со јавноста“ во 2024 година;

Претрес. Точката ја ставам на гласање. Едногласно.

18. Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко планска документација за усогласување на намената на бесправно изградените објекти со намените на земјиштето;

Претрес отварам. Точката ја ставам на гласање. Едногласно.

19. Предлог-Одлука ослободување од плаќање надоместок за уредување на градежно земјиште;

Точката ја ставам на гласање. Едногласно.

20. Предлог-Одлука за откажување од корисничко право на недвижна ствар за КО Кавадарци;

Точката ја ставам на гласање. Едногласно усвоена.

21. Предлог-Одлука за давање согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на мегусебните односи во врска со судска спогодба ВПП бр.150/24, поведен пред Основен суд Кавадарци;

За ве молам. Момент. 11 за. 5 воздржани.

22. Предлог-Одлука за давање согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на мегусебните односи во врска со судска спогодба ВПП бр.81/23 поведен пред Основен суд Кавадарци;

Точката ја ставам на гласање. 5 воздржани, другите за. 11 за.

23. Предлог-Одлука за давање на согласност за давање понуда и за купување на 250 акции во МКК„ЕВРО НИКЕЛ 2005„ од ТД за ископ на руда „ЕУРОНИКЕЛ ИНДУСТРИ„ ДОО с.Возарци Кавадарци-во стечај;

ГРАДОНАЧАЛНИК: Значи 26-та точка почитувани е во интерес и на јавноста, меѓутоа и за запознавање од јавен интерес е. Знаете дека кошаркарскиот клуб Еуроникел последно датира повеќе од 20,30 години во Општина Кавадарци . Со одењето на Еуроникел во стечај, а основач на кошаркарскиот клуб е Еуроникел токму за да не згаси тој клуб со

традиција толкугодишна и со успеси комисиски на барање на клубот Општина Кавадарци дава предлог до Советот да се откупат акциите од кошаркарскиот клуб по симболична цена, по 10 евра од акција или би дошло негде околу 2500 евра за целокупната сопственост на клубот кошаркарски, меѓутоа да имате и информација дека со откупувањето на тие акции доколку Собирот на доверители го дозволи по таа симболична цена, не гледам зошто да не го дозволи зимаме обврска и од 150 000 евра долг претходен на самиот клуб, кој што го има наталожено претходното раководство, меѓутоа зимаме и можност за реализација на ваучер кој што сеуште не е реализиран сега од Министерството за спорт . Негде ваучерот треба да го покрие 80% долгот кој што го има клубот. Со новите сопственици на фабриката за еуроникел Голден Игл потпишавме договор на 120 000 евра спонзорство годишен и Општината да даде уште 80 000 евра буџетот кој што ќе го одобриме 25, 26-та за кошаркарскиот клуб ќе биде 200 000 евра. Менаџментот и кошаркарите кои што се во актива во тој клуб го имаат тоа сето како информација и верувам дека стечајната судика заедно со стечајниот управник ќе свикаат собир на доверители да ова како такво помине, ги уплатиме тие симболични средства за клубот и си ја земиме таа потешката обврска и долгот и ваучерот понатаки, да биде општински клуб .Единствено барање да имате информација на новиот инвеститор кој што даде веќе договор за 120 000 евра годишно да клубот носе дел и од неговото име и прелиминарно е договорено да биде Голден Игл - Тиквеш или Тиквеш Голден Игл сега не навлегувам точно во детали, тоа сепак ќе си го решат и граматички како повеќе одговара и вокабуларно, така да ќе си носе име и на регионот, на општината и на генералниот спонзор кој што ќе биде Голден Игл. Генерално е тоа. Мое мислење е дека треба да го подржиме и тој клуб да не отиде во стечај. Со одењето во стечај на клубот, ги губиме сите придобивки за младинци и за позиции и за коло и во делот на лигата, така да тоа е цела ситуација.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ:Точката ја ставам на гласање. Кој е за. Едногласно усвоена.

24. Предлог-Одлука за доделување еднократна парична помош на семејствата со запишано прваче во учебната 2024/2025 година на подрачјето на Општина Кавадарци;

Точката ја ставам на гласање. Едногласно.

25. Предлог-Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за одобрување на финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2023 година за доделување на парична награда на ученици и ментори од основни и средни општински училишта во Општина кавадарци за посебни постигнувања на државни и мегународни натпревари;

Точката ја ставам на гласање. Кој е за. Едногласно.

26. Предлог-Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за доделување на парична награда за ученици и ментори од основни и средни

општински училишта во Општина кавадарци за посебни постигнувања на државни и мегународни натпревари;

Точката ја ставам на гласање. Едногласно усвоена.

27. Предлог-Одлука за примање донација материјални добра од Друштво за производство, трговија и услуги "КОЖУВЧАНКА"ДОО увоз-извоз Кавадарци.

Тоа е 30-та точка од денешниот дневен ред. Точката ја ставам на гласање.17 за. 1 воздржан.

28. Предлог-Одлука за примање донација – кутивки од Друштво со ограничена одговорност за производство промет и услуги увоз-извоз "ГИНИС" заштитно друштво Прилеп;,

31-ва точка од денешниот дневен ред. Исто. 17 за. 1 воздржан.

29. Предлог-Решение за изменување и дополнување на Решението за именување на членови во Локален Совет за превенција на Општина Кавадарци;

СОВЕТНИК ПЕРО НИКОЛОВ: Почитувани колеги. За член на Локален Совет за превенција на Општина Кавадарци се именува др. Гордана Камчева.

30. Наративен и финансиски Извештај за реализација на Програмата културно лето Кавадарци 2024 „Кавадаречки Стрит Фест„ доставен од Иноватива ГРУП ДОО Скопје;

Ве молам за гласање. За. 4 против. Двајца воздржани. Останатите за.

31. Годишен План за вработување за 2025 година на ЈП„ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ, Кавадарци, донесен од Директорот на ЈП„ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци;

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Почитувани колеги советници, Претседател на Совет, Градоначалник, граѓани, медиуми на Општина Кавадарци. Пред нас денеска е Годишниот план за вработување на ЈП за паркирање во Општина Кавадарци. Од она што може да го видиме од Годишниот план на ЈП за паркирање пак се продолжува истиот начин на работа на институциите на јавните претпријатија под локално ниво да се планираат поголем број на вработувања од она што е реално потребно за јавните претпријатија, за другите институции кои се под општинско ниво. Имено со новиот План за вработување се планираат нови вработувања 35 во тековната година што сметам дека е преголем број на лица кои што ги ставаме во план. Сега тука ќе излезат веројатно со аргумент дека нема да бидат толку, дека се планира сите слободни работни места по систематизација и слично, меѓутоа наш механизам како Совет е да во суштина овде ја вршиме контролата на бројот на вработувањата и на кој се оние работни места на кои навистина му се потребни на ЈП, овака се остава слободен простор на менаџментот на локалната власт да си вработува онака како што смета дека треба да вработува. Ако ги погледнете финансиските извештаи на ЈП ќе видиме дека најголемиот обем на трошоци, најголемиот финансиски издаток е трошокот за плата на ЈП кое што се должи заради ваквиот начин на функционирање на ЈП и тоа е во суштина причината зошто имаме едни од највисоките

цени на јавен паркинг. На пример поголеми градови од Кавадарци имат пониски цени на јавно паркирање, на пр. во Битола имате блок часови каде што цената за прва зона за два часа изнесува колку што изнесува цената за еден час во паркирање во прва зона во Општина Кавадарци, иста е состојбата и во Прилеп, ние остануваме пак со повисоки цени од тие јавни претпријатија за паркирање кои што се во внатрешноста на Македонија. Исто така неколку пати сме го зголемувале, мислам се зголемуваше и обемот на улици, мислам дека опфатот на улици каде што се врши платен паркинг мислам дека е преголем. Идејата на ЈП при формирањето беше да го регулира паркирањето само во централното градско подрачје, сега одиме више полека и кон регулирање, односно плаќање на паркинг во периферни улици. Сето тоа на крајот носи да ЈП и покрај овие состојби и покрај високите цени за платен паркинг и покрај големиот број на улици опфатени со платен паркинг се доведуваме во ситуација со ваквиот начин на работење да ЈП тешко излегува финансиски на крај, така да минатата седница имавме одлука со која што го зголемивме финансирањето, првичното, од Општина Кавадарци првично планирано беше 6 600 000 денара, а минатата седница со одлука на Советот зголемено е на 9,2 000 000 денара финансиска помош која што Општината му ја дава на ЈП за да може да функционира и работи, нормално да си извршува своите основни задачи. Заради ова се наведено јас овој План за вработување не би го подржал.

СОВЕТНИК ФИЛИП ТАСЕВ: Почитуван Градоначалник, Претседател на Совет, медиуми, колеги советници. Значи на Комисија за статут и прописи Директорот на ЈП Паркинзи ни го образложи годишниот план за вработување за 2025 година, односно значи тоа е законска регулатива која сите јавни претпријатија мора да ја завршат во дадениот рок за доставување на Годишниот План за вработување до Министерството за администрација по ново или по старо Министерството за информатичко општество и администрација и со овој Годишен план за вработување за 2025 година на ЈП Паркинзи значи не се предвидуват нови работни места, туку тоа се веќе постоечки работни места потполнети, меѓутоа значи за тие вработени кои што немат решение за неопределено работно време туку се со договор за определено работно време мора во Годишниот План за вработување да стојат како такви. Доколку тие вработени имат решение за неопределено работно време истиот тој Годишен План за вработување со тие работни места внатре ќе биде празен и нема да биде пополнет, односно нема да има предвидено нови работни места. Работните места како и пред 2 години, како и лани, така и оваа година се тие, нема други работни места и сметам дека Годишниот План за вработување на ЈП Паркинзи е ОК, е добро и јас би го подржал како такво и исто така сметам

дека и мнозинството советници ќе го подржат затоа што овој Годишен План е законска регулатива која што мора да се доставе до Министерството за администрација. Не би коментирал повеќе, не би реплицирал за дневнополитички поени како што одредени колеги тоа го работат по однос на оваа точка.
ГРАДОНАЧАЛНИК: Секогаш кога носиме План за вработување истата реторика, истите напади, меѓутоа досега тоа што го ветивме и кажавме дека нема да в работиме ниеден плус човек еве видливо е и може да се виде, а Планот за вработување се носи , да како што и самиот советник кажа дека аргументот наш ќе биде тој и тој е. Нема да има нови вработувања во Паркинзи. Јас само ги охрабрувам тие што се вработени да си продолжат да си работат како и досега, неселективно, да си наплаќаат паркинзи, да градот ни биде сообраќајно и безбедно уреден и да може од лице со попреченост и инвалидитет, па до било кој друг да си ја заврши својата работа соодветно во еден град од повисок ранг на култура.

Нема да ги коментирам споредбите со Прилеп, Битола или други градови, ние сме тука за Општина Кавадарци и за Град Кавадарци и секој град си има своја тежина и придобивка. ЈП Паркинзи успеа да организира влез на 7800 возила за Тиквешкиот Гроздобер во една вечер и притоа и безбедно да ги внесе и соодветно паркирање и да соодветно си го напуштат градот после прославата и не е само тоа . Вашата претходна реторика која што ја имавте и 21-ва за изборите беше дека ќе го укините Паркингот и ќе го оставите само во централното ниво, меѓутоа граѓаните не ви ја прифатија како таква, затоа што самите граѓани си имаат свои дневни потреби и потреби за функционирање на било која улица. Во делот на проширувањето на паркинг зоните, не е со никаква тенденција за оштетување на граѓаните, не е со никаква тенденција за збирање на повеќе пари, него е само за ставање на ред и култура и дисциплина во делот на сообраќајот и безбедноста околу градинки, школи, јавни објекти и домаќинства кај што живеат нашите сограѓани. Тенденцијата која што ја комуницирате и ја наелектризирате ситуацијата јас не ве оправдувам затоа што само доаѓа до некои граѓани да подлегнуваат веројатно и сторнирани партиски да кога излегуваат не плаќаат паркинг, па се караат со претпоставените на Паркинзи, па доаѓа малку и до посериозни ситуации. Тоа ние нема да отстапиме и ќе си работиме по закон и по прописи. Приходот сами го гледате колку е од пораки и колку е расходот на ЈП и како личи градот 24-та година, како личеше градот 2018, 2017 без паркинг, има слики, еве ако не можете сами има доста повозрасни луѓе тука од страна, медиумите, па нека ви извадат, еден сообраќаен метеж во Општина Кавадарци пред 6 години, паркирање кој како сака, хулиганство на највисоко ниво и безредие. Јас би ги замолил медиумите ако можат една таква сторија да

направат во интерес на јавноста, не да бидеме ние пофалени или било како. Сите оние кои што функционират и добронамерници кога доаѓаат тука и кога ги завршуваат своите дневни активности се благодарни и остава впечаток хигиената, среденоста на градот, сообраќајниците, означувањето вертикално, хоризонтално, паркирањето и се она што е надвор како јавен простор за користење за граѓаните. Почитуван советник Вуко Паркинзи ќе постое додека функционирам јас тука и не само што ќе постое од наредната година ќе добиеме 400 000 евра донација, ќе обелодениме од која компанија и ќе го автоматизираме. Секој граѓанин ќе има апликација во која зона, во која подзона има слободно место, нема слободно место, а тоа ќе го добиеме како донација, софтвер да нашите контролори имаат подобар увид за паркирање, за слободни места и за рационално користење на паркинзите. Во просек дневно се ставаат од 10 до 12 канџи за неплаќање на паркинг. Ние се трудиме тоа да го намалиме да биде на нула, а не да ја подигниме свеста да го напуштиме паркингот, па да направиме безредие. Проширувањето на зоните го правиме од единствена цел во соработка со урбаните заедници. Прво го даваме предлогот на граѓаните во урбаната заедница за сообраќајниот режим на таа урбана заедница, врз основа на тоа правиме сообраќаен проект, врз основа на сообраќајниот проект бараме мислење и одобрување од СВР Велес и врз основа на тоа после го вертикално, хоризонтално ја бележиме секоја улица и собирна и сервисна и регионална и врз основа на тоа граѓаните го почитуваат, а врз основа на тоа полицијата работи. Ако не ти е тебе бележано и ако нема сообраќаен проект сето друго паѓа во вода. Во моментот се работи на 5 сообраќајни проекти Димката А. Габерот улицата која што сообраќајното ново решение ќе биде од 7-ми Септември до влезот на школото ќе биде двосмерна, ќе продолже едносмерна до влезот на ТХТ школото и градинката и пак двосмерна до излез на Видео Смилевски. Тие решенија не ги измислуваме ние него врз основа на сообраќајните инџинери, врз основа на потреба на граѓаните и движењето на другите луѓе доаѓаме до решение сообраќајно во делот на сообраќајот. ЈП Комуналец е во постапка на тендерирање и набавка на 3 метларки нови, покрај имајќи 4. Тие 3 метларки ќе бидат за втора и трета категорија улици, односно во секоја улица без разлика на категоризацијата на улица ќе влегува метларка 2 пати неделно и ќе ги пометува тротоарите и улиците. И сега сакаме ние да стигниме и до друга фаза, ако ни дозволиш, не не опструираш да во едносмерни улици од сервисен карактер парен и непарен ден паркирањето да биде еднаш од лева страна, еднаш од десна страна за да може да пометуваме, да чистиме и граѓаните да бидат удоволени. Нема да не вратиш во првобитно време да паркираме каде сакаме, па да возиме велеславом по улиците. Значи тука

безбедноста се нарушува, квалитетот на живот , нервозата меѓу сограѓаните. Ние мораме објективно да ги решаваме тие сите работи и ситуации . Дали е рентабилно ЈП. Не е. Затоа е Општината да врате на граѓаните назад, а преку субвенции кои што ги даваме до ЈП не за луксузирање и за репрезентација, него за основните потреби на ЈП го одбележуваме и го чистиме секој паркинг , планот е да се постават и дополнителни камери на паркинг, за да му го заштитиме имотот на граѓаните и таму каде што не наплаќаме паркинг, а таму каде што наплаќаме паркинг во Ц зона е 10 денари. Е сега едно кафе во кафетерија во Кавадарци е 70 денари. 10 денари наплаќање паркинг од саат или имате годишна карта од 800 денари за оние кои што живеат во таа подзона. Симболично, евидентно е. Евидентно. Само за да има ред и поредок и јас сум пристаница, верувам дека и поголемиот дел и од советниците и од граѓаните да тоа го продолжиме и ја стигниме културата на еден европски град. Околу делот на вработувањата за да вратам назад 5 месеци колку брзо колку луѓе вработивте. Само 3 примери ќе спомнам во Шумско Стопанство Кавадарци се истепавте брзо да го пуштите огласот пред да си одите и земавте две жени сироти по 57 години, 60 со звање дрвосечач . Истите жени сега идат да ургират да останеле на работа . Вие пуштивте оглас дрвосечач и земавте 2 жени 57 и 60 години, мислејќи за повеќе гласови. Не успеавте во тоа. Ние не можиме да дозволиме дрвосечач да седе во канцеларија, а да нема кој дрва да сече и сега такви примери ако почнам да наведам има многу . Во делот на разликата од сегашната власт до претходната е што многу принципиелно дури на штета и на самите себе класификацијата на соодветното образование и на соодветната струка и е пред се и вработувањето . Нема да именувам во кои институции уште нема поставено менаџери, нема поставено новата Влада раководни лица само од една причина, си барат да бидат по соодветно образование . Дрвосечач Ристе Сакалиев ќе ти каже што е. Жена од 60 години не може да сеќе дрва.Потполнување на места непотребни за работа не е практика на Општина Кавадарци и мислам дека секоједен што доаѓа на работа и е вработен дека си ги исполнува обврските како што треба. Уште еднаш ќе ги охрабрам вработените во ЈП Паркинзи да недвосмислено си ја работат целокупната работа и си го заслужат она што му следува, инаку за информација ЈП Паркинзи неселективно има луѓе кои што припаѓаат токму на вашата партија и тоа некои котираат и вака во повисоките структури и ако сега ти партиски ги насочиш да не работат после ќе ти рече ги избрка директорот од работа, али за жал не те слушат, гледам вака коректни се, си ја бркат работата како да не се партиски вработени.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Градоначалник таман работа вие да ме оправдувате, пошто тогаш би требало сам себеси да се преиспитам,

така да добро е што не ме оправдувате, значи делувањето ми е на место. Во однос на неселективноста само ти и Максо у Куманово ви текна, тоа е славен да кажам чин да си ударите канца на општинските коли за да му покажите на народот да работите во наводници неселективно, знаеме дали некој работе селективно или неселективно. Во однос на инструкции, Градоначалник кој сум опструирал јас да го попречува ЈП, па јас сум плаќал лично, си плаќам постојано паркинг, ка ќе заборавам да пуштам порака мислам канца ми стават и канцата си ја плаќам. Ете се случува. Се случува. Има еднаш, два пати платено и јас канца. Никогаш не сум ургирал кај некој, нит сум мотивирал некој да не плаќа паркинг. Тоа ти се вака конструкции твои кои си ги правиш за да се оправдаш дека некој во некоја работа те саботирал. Во однос на вработувањата Градоначалник вие сте 7 години градоначалник на Општина Кавадарци ако почнам да ви ги бројам и зголемениот број на вработувања во Општината, па само 2,5 000 000 евра изнесува финансискиот издаток за плати и за договорни, за овие кои што се со договор на дело во Општина Кавадарци. Ако ја видете платата во ЈП Комуналец за 7 години колку ви е зголемена и тоа во најголема мерка се должи на зголемените цени во однос на комуналните услуги за колку го имате бројот на вработени зголемено таму, за колку го имате бројот на вработени зголемено во училишта, во градинки и слично така да тука на таа тема не сте баш да кажам вие релевантен да зборувате кој, каде, како вработува посебно не вашата политичка партија која што во 10 години владеење на ВМРО ДПМНЕ надополнета сега во последните 7 години ваши локално владеење. Партизираноста на институциите вие ја направивте во Македонија. Да се вратам на Паркинзи. Јас ги гледам документите, односно го гледам Планот за вработување. Во Планот за вработување моментално вработено во институцијата имате 34. Веројатно имате уште 10-тина кои што ви се на договор на определено време, меѓутоа тука имате планирано 35 нови вработувања и ние како Совет единствен наш механизам да ми кажете на пр. кои вработувања ви се потребни за наредната година, па еве ако се 10,15 кажете да ги видиме кои се, да ги видиме кои се, ни треба тоа работно место, тоа работно место, да ги видиме чисто кои се. Овака си ги ставате цела систематизација сите слободни работни места за да може да си манипулирате и да си вработувате како сакате и затоа ЈП и покрај тоа сега да не се споредуваме вика со други градови. Зошто да не се споредуваме. Што е разликата помеѓу Кавадарци и Битола на пример. Зошто во Битола да може ЈП да опстое со 30 денара блок часови 2 часа паркирање, а кај нас да треба да платиме дупло повеќе. Зошто може на пример ЈП во Прилеп да остане со такви цени. Во однос на опфатот на улици значи идејата на ЈП кога се формираше беше да се стави ред на паркирањето на централното

градско подрачје. Ние го проширивме, веќе почнавте да ми цртате паркинг места пред куќите дома. Идејата на јавното паркирање, на формирање на ЈП Паркинг беше да се стави ред на централното градско подрачје, да немаме таков сообраќаен хаос и тоа беше добро што се направи тогаш, меѓутоа продолжувањето понатаму и зголемувањето на опфат на улици кои што не влегуваат, што не се атрактивни паркинг места е само за финансирање на ЈП, за ништо друго и ние постојано со ваква тенденција и начин на работа 9,2 000 000 денара ќе му донираме од Општината финансиски средства на ЈП за паркирање и покрај тоа што го зголемува опфатот и покрај тоа што има високи цени за паркирање. 9,2 000 000 денара треба да му даде Општина Кавадарци на ЈП за да може нормално да функционира и на овоков начин на кој што продолжувате да работите овој износ може само да се зголемува, кој што треба да го дотира во ЈП. Во однос на автоматизацијата на процесот се согласувам тука и вие сте го дале како изборно ветување во изборната програма. Штета што досега не сте нашле време да го реализирате, меѓутоа ако имате автоматизација на процес, на наплата, тоа значи ќе ви требаат помалце лица на терен кои што го контролираат целиот тој процес на наплата. Значи едната со другата работа не ви се совпаѓаат. Отприлика толку би имал јас.

СОВЕТНИК КРУМЕ БОГЕВСКИ: Во однос на вработувањата јас сум крајно конструктивен кога станува збор за работата на ЈП Паркинг. Би кажал во однос на вработувањата и самиот поранешен директор на ЈП кажуваше и дека има вишок на вработени и дека има луѓе кои така седат колку да зимат плата, самиот стар директор го кажа тоа, тука од ваа говорница. После имав надеж дека со промената на директорот ќе бидат валоризирани тие вработени, дека нема да се бркат од работа, но дека ќе бидат валоризирани и ќе им се најде работа, а сега гледаме нови планирани места за вработување. Инаку кога станува збор за колку е хаос или колку е среден сообраќајот во Кавадарци и хаосот со паркирањето би потсетил на неколку улици кои што од почетокот на мандатот јас ги зборувам. Тоа се Браќа Миладинови улицата, улицата позади паркот Ѓиро Крстев и Тиквешко Востание кои што никако да се среде паркирањето на нив, дивото паркирање, особено на улицата Тиквешко Востание каде што имаме проблем со временото паркирање. Тоа е тоа.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Точката ја ставам на гласање. Кој е за. 12 за. 6 против.

32. Годишен План за вработување за 2025 година на ЈП за стопанисување со спортски објекти„Мито Хаџи Василев Јасмин„ Кавадарци, донесен од Директорот на ЈП за стопанисување со спортски објекти„Мито Хаџи Василев Јасмин„ Кавадарци;

Точката ја ставам на гласање. Претрес нема да се јаве за збор. Кој е за. 6 против. 12 за.

33. Одлука со арх.бр.02-181/2 од 13.09.2024 година, за отстапување на движни ствари на Општина Кавадарци на неопределено време, донесена од Управен Одбор на ЈОУ Локален Музеј Галерија Кавадарци;

34-та точка од денешниот дневен ред. Точката ја ставам на гласање. Едногласно усвоена.

34. Статут на Заедничко јавно претпријатие Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство СТАЦИОНАР - ШЕПА Кавадарци, донесен од Управен Одбор на Заедничко јавно претпријатие Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство СТАЦИОНАР - ШЕПА Кавадарци:

Отварам претрес. Дали некој бара збор. Никој не бара збор. Точката ја ставам на гласање. Едногласно.

35. Програма за изменување и дополнување на Програмата за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Кавадарци;

Точката ја ставам на гласање. Едногласно усвоена.

36. Предлог-Одлука за одобрување на финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2024 година (лекување Ламов);

Точката ја ставам на гласање.Едногласно. Последната точка од денешната седница.

37. Предлог-Одлука за одобрување на финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2024 година (лекување Јанакиева);

Едногласно усвоена.

Со тоа е исцрпен Дневниот ред од денешната седница. Ви благодарам.

Изработил: Анета Рамова

СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Стојанчо Рамов